Бр./Nr 12-1225/1

13-03-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2491/1 од 16.09.2025 година, оформен по поднесена пријава со наводи за спречување на пристап до имот лоциран на КП -----, Имотен лист бр.----, КО ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за нејзино надлежно постапување, бидејќи за предметните наводи надлежен за постапување е друг орган.

Предметот со број 12-2491/1 од 16.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта, на ден 16.09.2025 година, поднесена е пријава по која е оформен предмет заведен под архивски број 12-2491/1 од 16.09.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека соседот на подносителот му го оневозможува пристапот до влезот на неговиот имот, кој се наоѓа на КП -----, Имотен лист бр.----, КО -----, при што подносителот истакнува дека наведениот влез го користел повеќе од 80 години.

Исто така, во пријавата се наведува дека на ден 12.09.2025 година подносителот поднел жалба до Агенцијата за Катастар за недвижности – Подрачна единица --------, поради наводна неправилна катастарска евиденција, по што, според

наводите, спорната површина била отуѓена на соседот на подносителот, со што бил оневозможен пристапот до неговиот имот.
Од страна на Агенцијата, подносителот бил известен дека предметот не е во надлежност на катастарот и дека за решавање на пријавените наводи е потребно да се обрати до Управата за имотно-правни работи – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во -----, како и до надлежните инспекциски служби при Општина -----.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до Општина ----- - Сектор инспекторат, со цел прибирање информации и спроведување инспекциски надзор во однос на пријавените наводи на посочената локација.

Од увидот во прибавената документација, ДКСК го констатира следното:

Од страна на општинскиот градежен инспектор при Општина ------, извршен е вонреден инспекциски надзор на лице место на КП ----- КО -------, при што е констатирано дека е потребно подносителот на пријавата да поднесе тужба за заштита на поседот пред Основниот суд во -----.

Од наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, бидејќи во конкретниот случај станува збор за имотно – правно прашање кое спаѓа во судска надлежност. Оттука, подносителот се упатува да побара судска заштита на своите права со поведување на соодветна постапка пред Основниот Суд во -----. Согласно тоа, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК